РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1891/1
04-05-2026

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 31– ва седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр. 08-1323/1 од 22.02.2020 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-1323/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со број 08-1323/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-1323/1 од 22.02.2020 година е оформен по Годишен план за следење на имотната состојба за 2020 година.

ДКСК на 13.02.2020 година го усвои Годишниот план за следење на имотната состојба и интереси во кој беше планирано да се изврши проверка на вистинитоста на податоцита од анкетните листови на 11 поранешни јавни обвинители во ------------ --------------------------------. Согласно овој план беше оформен предметот 08-1323 од 22.02.2020 година за проверка на податоците од анкетниот лист на поранешниот јавен обвинител во -------------- -----------------------.

ДКСК, од страна на лицето ------------------- побара да достави податоци (ЕМБГ) и сродство за лицата кои со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на лицето ------------------------ беа доставени се бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ------------------------ и за имотот на членовите на нејзиното семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за

внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По утврдената анализа на обезбедените податоци утврдено е дека лицето ------------------------------------ има примано дополнителни приходи меѓу кои и приходите од 28.01.2019, 26.02.2019, 27.03.2019 и 23.04.2019 година од по 150.000 денари или вкупно 600.000 денари со што му се зголемил имотот за 20 просечни плати, не ги има пријавено во анкетниот лист согласно член 85 од ЗСКСИ, казнив по член 109 од ЗСКСИ, по што ДКСК му издаде прекршочен платен налог со број 08-1323/12 од 14.04.2020 година. Лицето -------------------------- нема постапено по издадениот прекршочен платен налог.

На ден 10.07.2020 година Државната комисија за спречување на корупцијата до Прекршочната комисија при ДКСК поднесе Барање за поведување прекршочна постапка по однос на погоренаведениот прекршок.

Прекршочната комисија донесе Решение со број 08-3056/1 од 26.08.2021 година дека лицето ---------------------- СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ОДГОВОРНОСТ.

Исто така имајќи ги во предвид написите објавени во медиумите дека -------------------, ќерка на обвинителката --------------------- од ------------------------------------, пред повеќе од пет години, како тогаш 21-годишна невработена девојка успеала да купи стан во вредност од 75.000 евра во луксузен објект на „Адора Инжинеринг" во близина на центарот на Скопје, и дека нејзината мајка станот не го пријавила во анкетниот лист поднесен до ДКСК, Државната комисија за спречување на корупцијата, на колегииумот одржан на 21.05.2021 година, согласно член 23 став 1 од истиот закон, заклучи да отвори предмет по сопствена иницијатива со број 08-2175 од 14.06.2021 година, за проверка на податоците од анкетниот лист на ---------------------------, јавен обвинител во ---------------------------------------, односно дали именуваната го пријавила предметниот стан во анкетниот лист поднесен до ДКСК.

ДКСК на 99-та седница одржана на 30.01.2024 година донесе Одлука со број 08-421/24 од 05.02.2024 годинасо која СЕ ЗАПИРА постапката заведена под број 08-2175 од 14.06.2021 година.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил**: м-р Б.С., советник
**Контролирал**: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен**: К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.. -член/anëtar